МИНИСТЕРСТВО  ЗА  ЕКОНОМИЈА

# ПРЕДЛОГ
# на Закон за изменување и дополнување на
# Закон за трговија

Скопје, мај 2010 година

ВОВЕД:

## I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Условите и начинот на вршење на трговија на внатрешниот и надворешниот пазар , мерките на ограничување на вршење на трговијата и заштитните мерки се уредени со Законот за трговија (“Службен весник на Република Македонија” бр.16/2004, 128/2006.63/2007 и 88/2008).

Предложените измени и дополнувања на овој закон се во насока на намалување на висината на казните за стопанските субјекти за прекршување на предметниот закон и класификација на казните со цел да се олесни казнената политика и да се излезе во пресрет на барањата на стопанствениците и бизнис заедницата.

## II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА

Целта на предложениот зако за изменување и дополнување е да се намали висината на казните за стопанските субјекти за прекршување на предметниот законот и да се изврши класификација на казните.
Законот чие донесување се предлага се заснова на истите начела на кои се заснова и основниот текст на законот.
Преложените измени на законот ги содржат следните решенија :

- се намалува висината на глобата за прекршоци за 50%
- се врши рангирање на прекршоците во три нивоа и тоа, административни престапи со проценета незначителна опасност за кои се дава укажување, а сторителите подлежат на дополнителна едукација. За неотстранување на неправилностите следат понатамошни дејствија како за сторен прекршок.Прекршоци со проценета значителна опасност за кои веднаш се отпочнува со предвидена прекршочна постапка и се изрекува глоба и прекршоци кои предизвикуваат потешки последици и за кои покрај казната глоба се изрекува и споредна мерка забрана за вршење на дејност.

## III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Предлогот за изменување и дополнување на Законот за трговија не предизвикува фискални импликации врз Буџетот на Република Македонија.

## IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ И НАЧИНОТ НА НИВНОТО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, КАКО И ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

За спроведување на предложените измени и дополнувања на овој Закон не е потребно обезбедување на финансиски средства, ниту материјални обврски за одделни субјекти.

ПРЕДЛОГ на
Законот за изменување и дополнување на Законот за трговија

Член 1

Во Законот за трговија ("Службен весник на Република Македонија" бр.16/2004, 128/2006.63/2007, 88/2008,159/2008,20/2009 и 105/2009) членот 49 се менува и гласи :

" Доколку при вршењето на инспекцискиот надзор државниот пазарен инспектор утврди дека е сторена неправилност од членот 53-а државниот пазрен инспектор е должен да состави записник во кој ќе ја утврди сторената неправилност со укажување за отстранување на утврдената неправилност во определен рок и со едновремено врачување на покана за спроведување на едукација на лицето или субјектот каде е утврдена неправилноста при вршењето на инспекцискиот надзор.

Формата и содржината на поканата за едукација, како и начинот на спроведување на едукацијата ја пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на економијата .

Едукацијата ја организира и спроведува Државниот пазарен инспекторат, односно органот кој што го извршил инспекцискиот надзор, во рок не подолг од 8 дена од денот на спроведувањето на инспекцискиот надзор.

Едукацијата може да се спроведе за повеќе утврдени исти или истородни неправилности за еден или за повеќе субјекти.

Доколку во закажаниот термин лицето или субјектот над кој се спроведува едукација не се јави на едукацијата, ќе се смета дека едукацијата е спроведена.

Доколку лицето или субјектот над кој се спроведува едукација се јави на закажаната едукација и истата ја заврши, ќе се смета дека е едуциран по однос на утврдената неправилност.

Доколку државниот пазарен инспектор при спроведување на контролниот надзор утврди дека се отстранети утврдените неправилности од став 1 од овој член, донесува заклучок со кој ја запира постапката на инспекциски надзор.

Доколку Државниот пазрен инспектор при спроведување на контролниот надзор утврди дека не се отстранети утврдените неправилности од став 1 од овој член, поднесува барање за поведување на прекршочна постапка пред Прекршочна комисија.

Државниот пазрен инспекторат, односно органот кој што го извршил инспекцискиот надзор и кој што ја организирал и спровел едукацијата, води евиденција за спроведената едукација на начин пропишан од министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на економијата„.

Член 2

Членовите 50,51,52 и 53 се бришат.

Член 3

Глава VII. “КАЗНЕНИ ОДРЕДБИ “ се менува и гласи :

“ПРЕКРШОЧНИ САНКЦИИ “

Член 4

Членот 53-а се менува и гласи:

“ Глоба во износ од 200 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок на правното лице ако:

1. не го пријавил исполнувањето на условите од членот 22 на овој закон и започнувањето со работа на продажниот и деловниот објект согласно со член 23;
2. не истакнал лиценца за продажба на алкохолни пијалоци на видно место во продажниот објект (член 23-а став 7);
3. на видно место во продажниот објект не истакнал натпис во смисла н член 24 став 2 од овој закон;
4. трговецот не го пријавил часот, времето за пауза и распоредот на работното време во Централниот регистар најмалку 15 дена пред почетокот на работењето, односно пред измената на часот, времето запауза и распоредот на работното време на продавниците, магацините,складовите, бензинските станици и деловните простори (член 26 став 2);
5. евиденцијата не се наоѓа во соодветната деловна просторија во која се врши трговијата и во секое време не биде достапна на надлежните инспекциски органи (член 28 став 2).
6. започнал со работа во колективна станбена зграда и деловно станбена зграда пред 6,00 часот и не завршил пред 24,00 часот ( член 25 став 3)
7. вршителот на трговија од врата на врата врши продажба на производи кои не се определени од Владата (член 20 став 2);

За дејствијата од став 1 на овој член ќе се изрече глоба во износ од 100 евра во денарска противвредност и на одговорното лице во правното лице.

За дејствијата од став 1 на овој член ќе се изрече глоба во износ од 150 евра во денарска противвредност на трговецот поединец.

Државниот пазарен инспектор за прекршоците од став 1 на овој член, во мандатна постапка е должен на сторителот на прекршокот да му врачи покана за плаќање на глоба во рок од осум дена од денот на врачување на поканата.

Ако сторителот доброволно не ја плати глобата од овој член, државниот пазарен инспектор поднесува барање за поведување на прекршочна постапка.„

Член 5

Членот 55 се менува и гласи :

„Глоба во износ од 700 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок на правното лице ако:

1. врши трговија на големо на пазарите на мало или врши трговија на мало на пазарите на големо (член 7);
2. врши трговија на големо пред магацините, складовите и деловните простори (член 8 став 1);
3. врши трговија на мало и дава услуги во трговијата пред продавниците, односно деловните простори за кои нема одобрение од општината, односно од Градот Скопје (член 8 став 2);
4. на зелените пазари и посебно организираните делови на зелените пазари врши трговија на големо и мало на други стоки кои не се определени од страна на Советот на општината, односно од Градот Скопје (член 13 став 4);
5. не утврди и не истакне пазарен ред и не се придржува на пазарниот ред и работното време (член 14 став 3);
6. ја врши трговската дејност без да се исполнети пропишаните миним-ално-технички услови, како и други услови пропишани со закон во зависност од видот и начинот за вршењето на трговијата (член 22 став 1);
7. врши продажба на алкохолни пијалоци без да поседува лиценца за продажба на алкохолни пијалоци (член 23-а став 1);
8. врши трговија на стоки во киосци, автомати и продажба од улични продавачи на места кои не се определени од Советот на општината, односно од Градот Скопје (член 16 став 2);
9. не го објави местото и времето на јавната и аукциската продажба (член 17 став 2);
10. не се придржува на условите за јавна и аукциска продажба согласно со член 17 став 4 на овој закон.

За дејствијата од став 1 на овој член ќе се изрече глоба во износ од 200 евра во денарска противвредност и на одговорното лице во правното лице.

За дејствијата од став 1 на овој член ќе се изрече глоба во износ од 350 евра во денарска противвредност на трговецот поединец.

За прекршоците утврдени во овој член државниот пазарен инспектор е должен на сторителот на прекршокот да му предложи постапка за порамнување пред да поднесе барање за прекршочна постапка до Прекршочната комисија„.

Член 6

Членот 56 се менува и гласи :

„Глоба во износ од 1.500 до 2.500 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок на правното лице ако:

1. на посебно организирани пазари врши трговија на стоки кои не се наведени во членот 15 од овој закон;
2. врши продажба на алкохолни пијалоци во продавница во состав на бензинска станица, во продавница во состав на зелен пазар и преку киоск во трговијата. (член 24-а став 1);
3. врши продажба на алкохолни пијалоци спротивно на член 24-а став 2;
4. врши продажба на алкохолни пијалоци и цигари на лица со возраст под 18 години ( член 24 став 1)
5. не води евиденција за набавка и продажба на стоките како и за вршење на трговски услуги согласно со закон или други прописи (член 28 став 1);
6. на зелените пазари и посебно организираните делови на зелените пазари врши тровија на големо и мало на други стоки кои не се определени од страна на советот на општината, односно од градот Скопје ( член 13 став 4);
7. ги издава продажните места на лица кои не се регистрирани во соодветниот регистар односно не се евидентирани согласно со закон (член 14 став 2);
8. не се придржува на мерките од член 30 став 1.
9. не доставил евиденција на продавачи од врата до врата до надлежниот орган за јавни приходи на подрачјето на општината односно на Градот Скопје (член 20 став 4);
10. физичко лице врши дејност трговија и дава услуги во трговијата без да е регистриран во соодветниот регистар ( член 2 став 2).

За прекршоците од став 1 на овој член ќе се изрече глоба во износ од 500 евра во денарска противвредност и на одговорното лице во правното лице.

За прекршоците од став 1 на овој член ќе се изрече глоба во износ од 700 до 1000 евра во денарска противвредност на трговецот поединец.

За прекршокот од став 1 точка 10 од овој член ќе се изрече глоба во износ од 200 до 500 евра во денарска противвредност на физичкото лице.

Во случаевите од став 1 точка 1,2,3,4,6,8,9 и 10 на овој член државниот пазарен инспектор привремено ќе ги одземе предметите – стоките со кои е извршен прекршокот и ќе издаде потврда за привремено одземените предмети.

За прекршоците утврдени во овој член државниот пазарен инспектор е должен да му предложи на сторителот на прекршокот постапка за порамнување пред да поднесе барање за прекршочна постапка до надлежниот суд.

Член 7

Членовите 57, 57-а и 58 се бришат.

Член 8

Подзаконскиот акт предвиден со овој закон ќе се донесе во рок од 15 дена од денот на влегување во сила на овој закон.

Член 9

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија“.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРЕДЛОГ ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ТРГОВИЈА

I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГ ЗАКОНОТ

Предложените измени и дополнувања на овој закон се во насока на намалување на висината на казните за стопанските субјекти за прекршување предметниот закон и класификација на казните со цел да се олесни казнената политика и да се излезе во пресрет на барањата на стопанствениците и бизнис заедницата.

Со измените се врши намалување на глобата за 50%, и се интервенира во делот на надзорот и казнените одредби од законот, така што се врши рангирање на прекршоците со воведување на укажување за сторениот прекршок и врачување покана за едукација за прекршоци проценети со незначителна опасност, во постапка пред воведување на прекршочна постапка.

Со член 1 од Предлог законот се врши измена на член 49 од Законот, така што ако Државниот пазарен инспектор при вршењето на надзорот утврди дека трговецот сторил некоја неправилност утврдена во член 49, ќе укаже за утврдените неправилности и ќе остави рок од 8 дена за нивно отстранување.Покрај укажувањето задолжително ќе се остави покана за да се провери дали се работи за прво укажување, кое треба да се внесе во евиденцијата и да се овозможи едукација на правното лице.

Со член 2 членовите 50,51,52 и 53 се бришат.

Со член 3 Главата VII Казнени одредби се менува и гласи : “ПРЕКРШОЧНИ ОДРЕДБИ “

Со член 4 од Предлог законот се менува член 53-а од законот предвидено е плаќање на глоба на лице место со врачување на покана во износ од 200 евра во денарска противвредност за правното лице 100 евра во денарска противвредност на самото место за одговорното лице во правното лице кога сторителите на прекршокот не ги отстранат утврдените неправилности од член 49 на овој закон,а која сторителот треба да ја плати во рок од 8 дена.

За дејствијата од став 1 предвидена е глоба на самото место во износ од 150 евра во денарска противвредност за трговец поединец.

Во случај на неплаќање во определениот рок Државниот пазарен инспектор е дпожен да поднесе барање за поведување на прекршочна постапка.Надлежен орган е прекршочна комисија.

Со член 5 од Предлог законот се менува член 55 од законот и се врши групирање на прекршоците со проценета значителна опасност, за кои се изрекува глоба во износ од 700 евра во денарска противвредност ако Државниот пазарен инспектор при вршењето на надзорот утврди дека правното лице сторило прекршок надлежен орган за изрекување на овие прекршоци е Прекршочната комисија.

Предвидено е и плаќање глоба на лице место со врачување на на покана во износ од 200 евра во денарска противвредност за правното лице на самото место за одговорното лице во правното лиц, а за трговецот поединец 350 евра во денарска противвредност кој сторителот треба да ја плати во рок од 8 дена.

За овие прекршоци Државниот пазарен инспектор е должен на сторителот на прекршокот да му предложи постапка за порамнување пред да поднесе барање за прекршочна постапка.

Со членот 6 од Предлог законот се менува член 56 од Законот така што се предвидени прекршоци кои се категоризирани како потешки прекршоци за кои е

предвидена глоба во износ од 1.500 до 2.500 евра во денарска противвредност за правнмото лице и 500 евра во денарска противвредност за одговорното лице во правнмото лице. За прекршоците се предвидени и дополнителни санкции забрана за вршење на дејност на правното лице и одземање на предметите – стоките.

Со членот 7 од Предлог законот се менува член 57 и се предлага Државниот пазрен инспектор за прекршоците од член 56 од Предлог законот е должен на носителот на прекршокот да му предложи постапка за порамнување пред да поднесе барање за прекршочна постапка.

Со членот 8 од предлог законот се врши бришење на членовите 57 и 58.

Со членот 9 се предвидува во рок од 15 дена од денот на примената на овој закон да се донесе Правилник за формата и содржината на поканата за едукација.

## II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Со оглед на тоа што со изменувањето и дополнувањето на Законот за трговија се предвидува изменување на веќе постоечки одредби на законот, решенијата содржани во одредбите се меѓусебно поврзани и се однесуваат на истата работа.

## III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Со предложените измени и дополнувања на законот ќе се намали висината на казните за прекршување на одредбите од истиот за стопанските субјекти и намалување на последиците од изречените казни по финансиската состојба на истите, а воедно и ублажување на последиците од светската економска криза.

ТЕКСТ НА ОДРЕДБИТЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ТРГОВИЈА КОИ СЕ ИЗМЕНУВААТ И ДОПОЛНУВААТ

Член 49

Ако Државниот пазарен инспектор при вршење на инспекцискиот надзор утврди дека трговецот:

1. врши трговија на големо на пазарите на мало или врши трговија на мало на пазарите на големо (член 7);
2. врши трговија на големо пред магацините, складовите и деловните простори (член 8 став 1);
3. врши трговија на мало и дава услуги во трговијата пред продавниците, односно деловните простори за кои нема одобрение од општината, односно од Градот Скопје (член 8 став 2);
4. на зелените пазари и посебно организираните делови на зелените пазари врши трговија на големо  мало на други стоки кои не се определени од страна на Советот на општината, односно од Градот Скопје (член 13 став 4);
5. не утврди и не истакне пазарен ред и не се придржува на пазарниот ред и работното време (член 14 став 3);
6. ја врши трговската дејност без да се исполнети пропишаните минимално-технички услови, како и други услови пропишани со закон во зависност од видот и начинот за вршењето на трговијата (член 22);
7. не го пријави исполнувањето на условите од членот 22 на овој закон и започнувањето со работа на продажниот и деловниот објект согласно со член 23;
8. врши продажба на алкохолни пијалаци без да поседува лиценца за продажба на алкохолни пијалаци (член 23-а став 1);
9. не истакнал лиценца за продажба на алкохолни пијалаци на видно место во продажниот објект (член 23-а став 7);
10. врши продажба на алкохолни пијалаци во продавница во состав на бензинска станица, во продавница во состав на зелен пазар и преку киоск во трговијата (член 24-а став 1);
11. врши продажба на алкохолни пијалаци од 19,00 до 06,00 часот наредниот ден (член 24-а став 2);
12. на видно место во продажниот објект не истакне натпис во смисла на член 24 став 2 од овој закон;
13. трговецот не го пријави часот, времето за пауза и распоредот на работното време на општината, односно на Градот Скопје и на Државниот инспекорат за труд, Управата за јавни приходи, Државниот пазарен инспекторат и Државниот санитарен  здравствен инспекторат најмалку 15 дена пред почетокот на работењето, односно пред измента на часот, времето за пауза и распоредот на работното време на продавниците, магацините, складовите, бензинските станици и деловните простори (член 26 став 2);
14. не води евиденција за набавка и продажба на стоките како и за давање на трговски услуги соглсно со закон или други прописи (член 28 став 1)

на лице место ќе донесе решение за привремена забрана на вршење на дејноста во траење од 7 дена за трговецот физичко лице или во траење од 15 дена за трговецот правно лице, во кое ќе наложи да се отстранат тврдените недостатоци.

Покрај решението за привремена забрана на вршење на дејност Државниот пазарен инспектор на лице место, за дејствијата од став 1 точка 2, 3, 5, 7, 9 и 13 на овој член, ќе изрече мандатна казна на правното лице, во износ од 1.000 евра во денарска противвредност, а на одговорното лице во правното лице во износ од 600 евра во денарска противвредност, како и на физичкото лице во износ од 300 евра во денарска противвреност.

Против решението од став 1 на овој член може да се изјави жалба до Министерот за економија.

Жалбата изјавена против решението од став 1 на овој член не го одлага неговото извршување.

Државниот пазарен инспектор при надзорот ќе ги одземе предметите – стоките од став 1 точка 2, 3, 8, 10 и 11 на овој член, со кои се врши трговија пред деловната просторија.

За извршеното одземање на предметите - стоките од ставот 4 на овој член државниот пазарен инспекор издава потврда.

Член 50

Ако Државниот пазарен инспектор, при вршење на инспекцискиот надзор, утврди дека физичкото лице врши трговија и дава услуги во трговијата без да е регистриран во соодветниот регистар ( член 2 став 2), на лице место ќе донесе решение за привремена забрана на вршење на дејноста трговија во траење од седум дена и ќе наложи да се регистрира во соодветниот регистар. Покрај решението за привремена забрана на вршење на дејност државниот пазарен инспектор на лице место ќе изрече мандатна казна на физичкото лице во износ од 100 евра во денарска противвредност.

Против решението од став 1 на овој член може да се изјави жалба до Министерот за економија.

Жалбата изјавена против решението од став 1 на овој член не го одлага неговото извршување.

Во случајот од став 1, државниот пазарен инспектор привремено ќе ги одземе предметите - стоките со кои се врши трговија.

За извршеното одземање на предметите – стоките од ставот 4 на овој член, државниот пазарен инспектор издава потврда.

Член 51

Ако Државниот пазарен инспектор при вршење на инспекцискиот надзор утврди дека трговецот:

1) врши продажба на алкохолни пијалоци и цигари на лица со возраст под 18 години (член 24 став 1); и

2) започне со работа во колективна станбена зграда и деловно- станбен зграда пред 06:00 часот и не заврши пред 24:00 часот (член 25 став 3).

на лице место ќе донесе решение за привремена забрана на вршење на дејноста во траење од 7 дена за трговецот физичко лице или во траење од 15 дена за трговецот правно лице, во кое ќе наложи да се отстранат утврдените недостатоци.

Покрај решението за привремена забрана на вршење на дејност државниот пазарен инспектор на лице место, за дејствието од ставот 1 точки 1 и 2 на овој член, ќе изрече мандатна казна на правното лице во износ од 500 евра во денарска противвредност, а на одговорното лице во правното лице во износ од 200 евра во денарска противвредност, како и на физичкото лице во износ од 100 евра во денарска противвредност.

Против решението од став 1 на овој член може да се изјави жалба до Министерот за економија.

Жалбата изјавена против решението од став 1 на овој член не го одлага неговото извршување.

Член 53

Државниот пазарен инспектор привремено ќе ги одземе предметите – стоките со кои се врши трговија ако при надзорот утврди дека трговецот:

1.на посебно организирани пазари врши трговија на стоки кои не се наведени во член 15 од овој закон;

2.врши трговија на стоки во киосци, автомати и продажба од улични продавачи на места кои не се определени од Советот на општината, односно од Градот Скопје (член 16 став 2);

3.вршителот на трговија од врата на врата врши продажба на производи кои не се определени од Владата (член 20 став 2);

4.пушта во промет стоки кои не се спакувани, декларирани, означени односно обележани согласно со закон (член 21 став 1); и

5. не води евиденција за набавка и продажба на стоките како и за вршење на трговски услуги согласно со закон или други прописи (член 28 став 1).

За извршеното одземање на предметите – стоките од ставот 1 на овој член државниот пазарен инспектор издава потврда.

Член 53-а

Тој што како одговорно и/или службено лице во правно лице ќе издава продажни места на лица без да се регистрирани во соодветен регистар ќе се казни со казна затвор во траење од една до перт години.

Тој што како одговорно и/или службено лице во правно лице овозможува продажба на производи спротивно на членот 15 од овој закон ќе се казни со казна затвор во траење од една до пет години.

Член 55

Глоба во износ од 3.500 до 5.000 евра во денарска противредност ќе му се изрече за прекршокот на правното лице ако:

1. не обезбеди фискален систем на опрема за регистрирање на готовинските плаќања за корисниците на продажните места кои се должни да го користат од моментот на пуштање на продажното место во работа, согласно со закон (член 14 став 1)
2. ги издава продажните места на лица кои не се регистрирани во соодветниот регистар односно не се евидентирани согласно со закон и кои немаат обезбедено фискален систем за опрема за регистрирање на готовинските плаќања, освен ако поинаку не е уредено со закон (член 14 став 1);
3. ја врши трговската дејност без да исполнети минимално-техничките услови, како и други услови пропишани во закон, во зависност од видот и начинот за вршењето на трговијата (член 22 став 1);
4. не се придржува на мерките од член 30 став 1 алинеја 1, 2, 3, 5 и 6 на овој закон (член 30 став 2);
5. не се придржува на мерките од член 30 став 1 алинеја 4 и 7 на овој закон (член 30 став 2);

Глоба во износ од 700 до 1.000 евра во денарска противредност ќе му се изрече за прекршок на одговорното лице во правното лице за дејствија од став 1 од овој член.

Глоба во износ од 300 до 500 евра во денарска противредност ќе се изрече за прекршок на службеното лице во правното лице за дејствија од став 1 од овој член.

Глоба во износ од 300 до 500 евра во денарска противредност ќе се изрече за прекршок на физичкото лице за дејствијата од став 1 точка 2 од овој член.

Кога прекршокот од став 1 од овој член е сторен со цел сторителот за себе или за друго лице да прибави имотна корист или прекршокот е сторен од организирана група на лица или во текот на календарската година сторителот го повтори прекршокот од став 1 на овој член, надлежниот суд може да изрече глоба во висина од 15.000 евра во денарска противредност.

Доколку постои опасност правното лице за дејствијата од став 1 точка 1, 2 и 4 на овој член да изврши повторен прекршок може да му се изрече санкција привремена забрана на вршење одделна дејност во траење од 3 до 5 години.

За прекршокот од став 1 точка 1 од овој член ќе се одземе и имотната корист која е остварена со сторување на прекршокот.

Државниот пазарен инспектор, пред да поведе прекршочна постапка пред надлежниот суд за прекршоците од овој член, може да издаде платен налог во согласност со Законот за прекршоците.

Член 56

Глоба во износ од 5.000 евра во денарска противредност ќе му се изрече за прекршокот на правното лице ако:

1. без да е регистриран во соодветниот регистер согласно закон врши трговија и дава услуги во трговијата (член 2 став 2);
2. врши трговија на големо на пазарите на мало или врши трговија на мало на пазарите на големо (член 7);
3. на зелените пазари и посебно организираните делови на зелените пазари врши трговија на големо и мало на други стоки кои не се определени од страна на Советот на општината или од Градот Скопје (член 13 став 4);
4. на посебно организирани пазари врши трговија на стоки кои не се наведени во член 15 на овој закон;
5. врши трговија на стоки во киосци, автомати и продажба од улични продавачи на места кои не се определени од Советот на опшитната, односно од Градот Скопје (член 16 став 3);
6. вршителот на трговија од врата на врата врши продажба на производи кои не се определени од Владата (член 20 став 2);
7. не доставил евиденција на продавачи од врата до врата до надлежниот орган за јавни приходи на подрачјето на општината односно на Градот Скопје (член 20 став 4);
8. пушта во промет стоки кои не се спакувани, декларирани, означени односно обележани согласно со закон (член 21 став 1);
9. врши продажба на алкохолни пијалаци без да поседува лиценца за продажба на алкохолни пијалаци (член 23-а став 1);
10. не истакнал лиценца за продажба на алкохолни пијалаци на видно место во продажниот објект (член 23-а став 7);
11. врши продажба на алкохолни пијалаци во продавница во состав на бензинска станица, во продавница во состав на зелен пазар и преку киоск во трговијата (член 24-а став 1);
12. врши продажба на алкохолни пијалаци од 19,00 до 06,00 часот наредниот ден (член 24-а став 2);
13. врши продажба на алкохолни пијалаци и цигари на лица со возраст под 18 години (член 24 став 1);
14. не води евиденција за набавка и продажба на стоките како и за вршење на трговски услуги согласно со закон или други прописи (член 28 став 1);
15. евиденцијата не се наоѓа во соодветната деловна просторија во која се врши трговијата и во секое време не биде достапна на надлежите инспекциски органи (член 28 став 2);

Глоба во износ од 600 евра во денарска противредност ќе се изрече за прекршок на одговорното лице во правното лице за дејствија од став 1 од овој член.

Глоба во износ од 400 евра во денарска противредност ќе се изрече за прекршок на службеното лице во правното лице за дејствија од став 1 од овој член.

Глоба во износ од 500 евра во денарска противредност ќе се изрече за прекршок на физичкото лице за дејствијата од став 1 од овој член.

За дејствијата од став 1 точка 1, 4, 5, 6, 8, 9, 11, 12 и 14 од овој член ќе се изрече посебна прекршочна мерка одземање на производите – стоките.

Член 57

Глоба во износ од 1.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правното лице ако:

1. врши трговија на големо пред магацините, складовите и деловните простории (член 8 став 1):

2. врши трговија на мало и дава услуги во трговијата пред продавниците, односно деловните простори за кои нема одобрение од општината, односно од Градот Скопје (член 8 став 2);

3. не утврди и не истакне пазарен ред и не се придржува на пазарниот ред и работното време (член 14 став 3);

4. не го објави местото и времето на јавната и аукциската продажба (член 17 став 2);

5. не се придржува на условите за јавна и аукциска продажба согласно со член 17 став 4 на овој закон.

6. не го пријави исполнувањето на условите од членот 22 на овој закон и започнувањето со работа на продажниот и деловниот објект согласно со член 23 на овој закон;

7. на видно место во продажниот објект не истакне натпис во смисла на член 24 став 2 од овој закон;

8. започне со работа во колективна станбена зграда и деловено-станбена зграда пред 06:00 часот и не заврши пред 24:00 часот (член 25 став 3);

9. не го пријави часот, времето за пауза и распоредот на работото време на Централниот регистар најмалку 15 дена пред почетокот на работењето, односно пред измената на часот, времето за пауза и распоредот на работното време на продавниците, магацините, складовите, бензинските станици и деловните простори (член 26 став 2);

Глоба во износ од 300 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на одговорното лице во правното лице за дејствија од став 1 од овој член.

Глоба во износ од 200 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на службеното лице во правното лице за дејствија од став 1 од овој член.

Глоба во износ од 300 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на физичкото лице за дејствијата од став 1 од овој член.

За дејствијата од став 1 точка 1 и 2 од овој член ќе се изрече посебна прекршочна мерка одземање на предметите – стоките.

Државниот пазарен инспектор може за прекршоците од овој член да му изрече на правното лице мандатна казна на самото место во износ од 500 евра во денарска противвредност, а на одговорното лице во правното лице во износ од 200 евра во денарска противвредност, како и на физичкото лице во износ од 100 евра во денарска противвредност.

Член 57-а

Глоба во износ од 300 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на физичкото лице кое купува алкохолни пијалоци спротивно на член 24-а став 3.

Државниот пазарен инспектор за прекршокот од став 1 на овој член може да изрече мандатна казна во износ од 50 евра во денарска противвредност.

Глоба во износ од 300 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на родител или старател на дете, односно штитеник ако неговото дете, односно штитеник со возраст под 18 години купува алкохолни и енергетски пијалоци ( член 24 став 3);

За прекршоците од овој член прекршочната постапка ја води и прекршочната санкција ја изрекува надлежниот суд.”

Член 58-б

За прекршоците од член 56 од овој закон, државниот пазарен инспектор може на сторителот на прекршокот да му понуди постапка за посредување и постигнување согласност со која сторителот на прекршокот треба да ја плати глобата, другите давачки или да ги отстрани последиците од прекршокот.

Постапката од став 1 на овој член се води согласно Законот за прекршоци и Законот за државен пазарен инспекторат.